# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО
**24.12.2024 год.** **Бр.XVII**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на актите донесени на 55-та седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 23.12.2024 година**

1.СЕ ОБЈАВУВААТ актите донесени на 55-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 23.12.2024 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.09-1179/1 од 24.12.2024 година Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 55-та седница, одржана на 23.12.2024 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 54-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 29.11.2024 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).

**Бр.08-1149/3 од 23.12.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ‘‘ бр.202/2024 ), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.61/04, бр.96/04, бр.67/07, бр.156/09, бр.47/11, 192/15 и 209/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19; 53/21; 77/21; 150/21; 173/22 и 170/24), член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/05; 4/08; 103/08; 156/09; 95/10; 180/11; 171/12; 192/15; 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21 и 87/22), член 93 став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14; 199/14; 48/15; 154/15; 5/16; 142/16 и 11/18 и „Сл.весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 14/20; 215/21; 99/22 и 208/24), одредбите на Општиот колективен договор за јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/2023) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот

на Општина Крушево ("Службен гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/2014; 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на 55-та седница одржана на 23.12.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за извршување на Буџетот на Општина Крушево за 2025 година**

**Член 1**

Буџетот на Општина Крушево за 2025 година (во понатамошниот текст Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

**Член 2**

Буџетот на Општината се состои од: Основен буџет, Буџет на самофинасирачки активности, Буџет на донации, Буџет на дотации и Буџет на кредити (заеми).

**Член 3**

Корисниците на средствата на Буџетот се должни да постапуваат во согласност со буџетските начела, а утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

Извршувањето на Буџетот опфаќа наплата и евидентирање на приходи и други приливи во согласност со Закон и планот на приходите, како и извршување на плаќања во согласност со одобрени средства.

**Член 4**

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

**Член 5**

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на општината.

Градоначалникот на општината во случај кога очекуваните приходи и други приливи на основните буџети се реализираат на повисоко ниво од планот може да изврши дополнителни отплати на главнина и камата на долг.

Доколку во текот на извршувањето на буџетот градоначалникот на општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со Буџетот или реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, предлага на Советот на општината изменување и дополнување на Буџетот.

Советот на Општина Крушево на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на Буџетот најдоцна до 15 ноември во тековната година.

**Член 6**

Пренамената во рамките на одобрените Буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.

Одобрените средства со буџет на ниво на ставка во рамки на потпрограма и буџет, не може да бидат намалени повеќе од 20% со Одлука за прераспределба во тековната фискална година.

Одобрените средства за плати и надоместоци во рамки на буџет не можат да се зголемат со прераспределба повеќе од 10%.

**Член 7**

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности, буџетот на дотации, буџетот на донации и/или буџет на заеми планираните приходи и други приливи не се реализираат, односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување т.е. зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**Член 9**

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во Буџетот, согласно законските прописи.

- коефициентот за исплата на плата на Градоначалникот е утврден согласно Закон и изнесува 2,35, а основицата на која се пресметува е

просечната исплатена месечна плата по вработен во Републиката за 2024 година, според податоците на Државниот завод за статистика.

- за вработените кои имаат статус на државни службеници вредноста на бодот за утврдување на бруто платите се утврдува со Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници која ја донесува Советот.

- за вработените кои немаат статус на државни службеници пресметката на платите се врши согласно одредбите од законот за работни односи и општиот колективен Договор за јавниот сектор, поединечниот колективен договор на Општина Крушево и правилникот за плати, надоместоци на плати и други примања на вработените во Општинската администрација и измените на истиот.

-пресметката на платите на вработените во ТППЕ-Крушево се врши согласно Законот за работни односи, Законот за пожарникарство, општиот колективен договор за јавниот сектор и поединечниот колективен договор на Општина Крушево, а согласно Правилникот за плати, надоместоци на плати и други примања на вработените во општинската администрација.

**Член 10**

Бруто платите на вработените во локалните јавни установи за 2024 година ќе се исплаќаат согласно утврдените коефициенти и утврдената вредност на бодот утврден со потпишаните колективни договори со ресорните Министерства.

**Член 11**

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи, кои се финасираат со блок дотации се спроведува на следниот начини:

- средствата се планираат на сметка (930), а се извршуваат преку сметката- дотации на локални јавни установи (903),

- локалните јавни установи финасирани со блок дотации од буџетот на дотации се должни во рок од два дена пред исплатата на платите на вработените до Општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат следните обрасци: ПДД-МП и МП-1, копија од рекапитулација од пресметани бруто и нето плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плати за месецот за кој се однесува платата.

- во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финасираат од општинскиот буџет истите се должни да достават известување од страна на Градоначалникот за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1, а за новите вработувања кои се финансираат од блок дотацијата се доставува известување за обезбедени финансиски средства од надлежното Министерство и Министерство за финансии и се приложува образец М-1.

**Член 12**

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финасираат од Буџет на дотации ја контролира и одобрува Министерството за финасии.

Градоначалникот на општината одделните пресметки на локалните јавни установи ги доставува до ресорното Министерство од кое се трансферира блок дотација.

Ресорните Министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци ги доставуваат до Министерство за финасии за контрола и евиденција.

**Член 13**

На членовите на Совет на Општина Крушево им припаѓа месечен надоместок за присуство на седница на Советот и надоместок за патните и дневните трошоци.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот на Општина Крушево се утврдува во процентуален износ и изнесува 40% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година.

На претседателот на Совет на Општина Крушево за раководењето и организирањето на работата на Советот, надоместокот од став 2 на овој член се зголемува за 30%.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се исплатува за присуство на сите седници на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се намалува за 30% за секое отсуство од седниците на Советот.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот не се исплатува доколку членот на Советот не присуствувал на ниту една седница на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седницата на Советот не се исплатува доколку Советот во тековниот месец не одржал седница.

На членовите на Советот на Општина Крушево им се исплатуваат надоместоците за патни и дневни трошоци за службени патувања во земјата и странство според прописите кои се однесуваат на државните службеници вработени во општинската администрација.

**Член 14**

Вработениот има право на регрес за годишен одмор во висина од најмалку 60%, од износот на просечната месечна нето плата во Република Северна Македонија исплатена во последните три месеци под услов вработениот да работел најмалку шест месеци во календарската година кај работодавачот.

Регресот за годишен одмор се исплатува еднаш во текот на годината, а најдоцна до крајот на тековната година.

**Член 15**

Вработените во општинската администрација имаат право на патни и дневни трошоци во случаите кога се упатени на пат врз основа на уредни и веродостојни документи.

Висината на дневниците за службено патување во земјата се исплаќаат во висина од 700,00 денари и тоа за секои поминати од 8-12 часа полвина дневница и цела дневница за поминати од 12-24 часа.

Износот на дневници за службено патување во странство се исплатува и тоа:

- 50% од утврдената дневница, ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на управата,

- 20% од утврдената дневница, ако издатоците за сместување и исхрана не паѓаат на товар на органот на управување.

- 5% од утврдената дневница, ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на државната управа, а престојот е над 30 дена.

Пресметката на издатоците за службено патување во странство преку дневница се одредува и тоа:

- една дневница - за секои 24 часа поминати на службено патување во странство и ако вкупното патување трае подолго од 12 часа и

- половина дневница за време од 12 часа поминати на службено патување во странство, како и во случај кога остатокот од времето во континуитет е подолго од 8 часа.

**Член 16**

Во случај на смрт на вработен, на неговото семејство му се исплаќа парична помош во висина од две просечни нето плати во Република Северна Македонија исплатени во претходната година, но не повеќе од 30.000,00 денари.

На вработениот, во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоените деца и децата земени на издржување) му се исплаќа парична помош во висина од една просечна нето плата во Репубика Северна Македонија исплатена во претходната година, но не повеќе од 15.000,00 денари.

Во случај на непрекинато боледување подолго од 6 (шест) месеци на вработениот му се исплатува еднократна парична помош во висина од една последна просечно нето плата исплатена во општината;

Во случај на потешки последици од елементарни непогоди, општината, може на вработениот да исплати парична помош, најмалку во висината на една основица од просечна нето плата во Република Северна Македонија.

Надоместоците од ставовите 1, 2, 3 и 4 од овој член се исплатуваат по претходно доставено барање во тековната година, односно во наредната година.

Сите исплати на надоместоци од претходните ставови на овој член се вршат врз основа на претходно оформена и комплетирана документација и донесено решение од страна на Градоначалникот на општината.

Средствата за овие намени се планираат во Буџетот на општината во програма Д0-Градоначалник подставка 464 990-други трансвери.

**Член 17**

Надоместокот за отпремнина за пензионирање на вработениот во Општината и локалната јавна установа се исплаќа врз основа на член 9 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за исплата на платите и изнесува двократен износ од просечната исплатена месечна нето плата во Републиката исплатена во претходната година и се планира во Буџетот на општината.

Средствата за вработениот во општината се планираат во програмата Е0 – Општинска администрација, односно за вработениот во локалната јавна установа во Програма Д0 – Градоначалник на ставка 464 Разни трансфери – 464940 – Трансфери при пензионирање.

**Член 18**

Исплата на име јубилејни награди ќе се врши од програма- Општинска администрација-ЕО-расходно конто 464 990-други трансфери на основа донесено решение од Градоначалникот.

Висината на јубилејната награда изнесува:

-за 10 години-100%;

-за 20 години-120%;

-за 30 години-140% и

-за 40 години-160% од основицата од просечната месечна нето плата во Република Северна Македонија исплатена во претходната година.

Јубилејната награда се исплаќа во годината кога се остварува правото почнувајќи од 2023 година од Буџетот на Општина Крушево.

**Член 19**

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите се извршува со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, со ситуација и други документи почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во противвредност на 6.000,00 денари, при што задолжително мора да биде приложена фискална сметка, а расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 20**

За средствата утврдени во Буџетот на Општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва-во програма А0-Совет на општина.), одлучува Советот на општината, а ги извршува Градоначалникот.

За средствата утврдени во Буџетот на на општината во рамките на резервите (тековна буџетска резерва) во програма Д0-Градоначалник, одлучува Градоначалникот на општината до износ од 50.000 денари.

За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

**Член 21**

За средствата распоредени во сите програми и потпрограми во Буџетот, одлучува Градоначалникот на Општина Крушево во рамки на утврдени износи во Буџетот, освен за трошење на средствата од подставките во програма Совет на општина А0 и тоа:

- тековна резерва, трансфери до здруженија на граѓани и фондации и трансфери до невладини организации,
- трансфери до спортски клубови и
- други трансфери за кои одлучува Советот на општина Крушево.

**Член 22**

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

**Член 23**

Вработувањата во општинската администрација можат да се вршат, ако за тоа се обезбедени средства во Буџетот на општината, а во согласност со актите за организација и систематизација на општината, по претходно дадено позитивно мислење од Министерството за информатичко општество и администрација. Градоначалникот дава писмено известување за обезбедените средства.

Локалните јавни установи од областа на културата, образованието и социјалната заштита, кои се финансиираат со блок дотации, можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во Буџетот на Република Северна Македонија, за што писмено известување дава Министерството за финансии, врз основа на барање од Градоначалникот на општината до надлежното Министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи, со соодветна пропратна документација.

Вработувања за кои се обезбедени средства во Основниот буџет на општината за тековната фискална година писмено известување ќе даде Градоначалникот на општината.

Во случај на нови вработувања локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации се должни да достават позитивно известување до Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1.

**Член 24**

Се овластува одделението за финансиски прашања да ги примени одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто платата.

**Член 25**

Средствата утврдени во поодделени програми донесни од Советот на Општината и истите целосно или делумно се извршуваат од страна Јавните претпријатија чиј основач е општината, за реализација на истите Градоначалникот склучува договор со соодветно Јавно претпријатие за уредување на меѓусебните права и обврски и уредување на начинот на извршување на доверените работи, стоки и услуги.

**Член 26**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, или на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 27**

Буџетот на Општина Крушево се извршува од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година.

**Член 28**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Крушево", а ќе се применува од 01 Јануари 2025 година.

**Бр.08-1149/6 од 23.12.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 88 став 2 од Законот за административни службеници ("Сл.весник на Република Македонија" бр.27/14; 199/14; 48/15; 154/15; 5/16; 80/16; 127/16; 142/16; 2/17; 16/17; 11/18 и "Сл.весник на Република Северна Македонија" бр.275/19; 14/20; 215/21; 99/20 и 208/24), Советот на Општина Крушево на 55-та седница, одржана на 23.12.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на**
**платите на државните службеници за 2025 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за пресметување на плати на државните службеници за 2025 година за вработените во Општина Крушево изнесува 81,6 денари.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево, а ќе се применува со исплатата на платата за јануари 2025 година.

**Бр.08-1149/7 од 23.12.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Република Македонија" бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ'' бр.202/2024), член 7 од Законот за платниот промет ("Сл.весник на Република Македонија" бр.113/2007, 22/2008, 159/2008, 133/2009, 145/2010, 35/2011, 11/2012, 59/2012, 166/2012, 170/2013, 153/2015, 199/2015, 193/17 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/2020 и 39/2022) и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на 55-та седница одржана на 23.12.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на благајнички максимум за 2025 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува висината на благајничкиот максимум на средства кои може да се чуваат во општинската каса на Општина Крушево, за 2025 година.

**Член 2**

Висината на благајничкиот максимум за 2025 година се утврдува во износ од 20.000,00 денари.

**Член 3**

Учесникот во платниот промет може за плаќање во готово да подига од сметките и да држи во својата благајна пари во готово во висина на благајничкиот максимум.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1149/8 од 23.12.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ‘‘ бр.202/2024) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево ("Службен гласник на Општина Крушево бр. 1/2007; 16/2014; 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 23.12.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за користење на мобилни телефони**

**Член 1**

Со оваа Одлука се регулира користењето на службени мобилни телефони, висината и ограничувањето на сметката.

Сметката за мобилен телефон на Градоначалникот на Општина Крушево се ограничува на 1.399,00 денари плус ДДВ.

Сметка на мобилен телефон на Секретарот на Општина Крушево се ограничува на 450,00 денари плус ДДВ.

На ТППЕ Крушево се одобрува користење на службен мобилен телефон со ограничување на висината на сметката до 450,00 денари плус ДДВ.

На раководителите на одделенијата во општинската администрација им се одобрува користење на мобилен телефон со ограничување на износот на сметката до 450,00 денари плус ДДВ.

На членовите на совет за мобилен телефон им се одобрува користење на мобилен телефон со ограничување на износот на сметката од 450,00 денари плус ДДВ.

Користење на мобилен телефон се одобрува и за возачот (двајца извршители), со ограничување на износот на сметката до 450,00 денари плус ДДВ.

Користење на мобилен телефон се одобрува и за: Советник за водење на постапки за јавни набавки, Советник за инвестиции и планирање на ЛЕР, Самостоен референт за обезбедување на техничка и друга документација, Самостоен референт за информирање, упатување на граѓани-странки и контакти со граѓаните, Помлад соработник за поддршка за занаетчиство, угостителство и туризам, мали и средни претпријатија, одговорен сметководител, помлад градежен инспектор, помлад комунален инспектор, помлад соработник за управување и координирање со човечки ресурси, соработник за туристичка такса и самостоен референт архивар со ограничување на износот на сметката до 450,00 денари плус ДДВ.

Користење на мобилен телефон се одобрува на раководителите на буџетските корисници кои се финансираат од блок-дотации во износ од 450,00 денари плус ДДВ.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево, а ќе се применува од јануари 2025 година.

**Бр.08-1149/9 од 23.12.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10, член 64 став 3 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ‘‘ бр.202/2024), член 3 став 2, член 18 став 1 и член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на РМ” бр.78/15; 106/15; 153/15; 190/16; 21/18 и „Сл.весник на РСМ” бр.101/19, 275/19 и 122/2021) и член 21 став 1 точка 38 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/14; 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 23.12.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање на времно користење на недвижна ствар**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува да се даде на времено користење без надоместок недвижна ствар, деловен простор бр.2 и 3 во склоп на градскиот пазар на ул.”Илинденска” бб Крушево, сопственост на Општина Крушево, врз основа на Имотен лист бр.100183, КП бр.6012/1 КО Крушево на Агенција за катастар на недвижности на Република Северна Македонија Скопје-одделение за премер и катастар Крушево.

**Член 2**

Деловните простории од член 1 на оваа Одлука се даваат на времено користење за период од влегување во сила на оваа Одлука до 31.12.2025 година.

**Член 3**

За времето за кое ќе се користат деловните простории, Агенција за катастар на недвижности на Република Северна Македонија Скопје-одделение за премер и катастар Крушево е должна да ги сноси сите трошоци за тековно одржување, вклучувајќи: потрошена електрична енергија, вода, телефон и.т.н.

Агенција за катастар на недвижности на Република Северна Македонија Скопје-одделение за премер и катастар Крушево е должна да се грижи совесно и домаќински при користење на деловните простории.

**Член 4**

Примопредавањето на деловните простории ќе се изврши помеѓу претставници од Општина Крушево и Агенција за катастар на недвижности на Република Северна Македонија Скопје-одделение за премер и катастар Крушево при што ќе се состави записник.

**Член 5**

По престанокот на времето за кое се дадени на користење, деловните простории треба да се предадат на Општина Крушево во исправна состојба.

**Член 6**

Градначалникот на Општина Крушево ќе склучи договор со директорот на Агенцијата за катастар на недвижности на Република Северна Македонија Скопје со кој ќе се уредат меѓусебните права и обврски.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот објавување во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1149/10 од 23.12.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 106 од Законот за Основното образование ("Сл.весник на РСМ" бр.161/19 и 229/20) член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ" бр.202/2024) и член 21 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/14; 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 23.12.2024 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување на член на Училишен одбор на ООУ "Никола Карев" Крушево**

1. Арбен Ибраимоски СЕ РАЗРЕШУВА од член на УО во ООУ „Никола Карев" Крушево, заради истек на мандатот;

2.За член на УО на ООУ "Никола Карев" Крушево СЕ ИМЕНУВА:
-Џевдет Ахмедоски од с.Алданци;

3. Членот на УО има мандат од 3 (три) години;

4. Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево;

5. Примерок од Решението да се достави до именуваниот, ООУ "Никола Карев" Крушево и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-1149/11 од 23.12.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 114 став 8 и 18 и член 115 од Законот за заштита на децата („Сл.весник на РМ" бр.23/13; 12/14; 44/14; 144/14;10/15; 25/15; 150/15; 192/15; 27/16;163/17 21/18; 198/18 и „Сл.весник на РСМ" бр.104/19;146/19;275/19; 311/20; 294/21; 150/22 и 236/22), член 36 став 1 точка 5 и 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ" бр.202/2024) и член 21 став 1 точка 34 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/14, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 23.12.2024 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на член на Управен одбор во ЈОУДГ „Гонча Туфа" Крушево**

1.За член на УО во ЈОУДГ „Гонча Туфа" Крушево како претставник на Министерството за

труд и социјална политика, а по предлог на министерот СЕ ИМЕНУВА:

**-МИЛЕНА ДАМЧЕСКА**, од Крушево.

2. Мандатот на членот на УО трае 4 (четири) години.

3. Решението влегува во сила со денот на неговото објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

4. Примерок од решението да се достави до именуваниот, ЈОУДГ „Гонча Туфа“ Крушево и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-1149/12 од 23.12.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 26 став 4 од Законот за Основното образование (“Сл.весник на РСМ” бр.161/19 и 229/20) член 22 став 1 точка 8 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002 и ,,Сл.весник на РСМ‘‘ бр.202/2024) и член 18 став 1 точка 8 и член 21 став 1 точка 8 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/14; 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 23.12.2024 година, даде:

**ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ**
**на одлуката за измена и дополнување на Статутот на ООУ „Никола Карев“ Крушево**

1. Советот на Општина Крушево дава Позитивно Мислење на одлуката за измена и дополнување на Статутот на ООУ „Никола Карев“ Крушево бр.02-394/3 од 22.11.2024 година, донесена од Училишниот одбор.

2. Ова Позитивно Мислење влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1149/13 од 23.12.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 28 став 3 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на РМ“ бр.149/14, 149/15 и 53/16), член 36 став 1 точка 15 од Закон за локалната самоуправа („Сл.весник“ на РМ“ бр.5/2002 и ,,Сл.весник на РСМ‘‘ бр.202/2024), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на ден 23.12.2024 година, донесе:

**П Л А Н**
**за контрола на популацијата на бездомни кучиња**
**на територијата на Општина Крушево**
**за период 2025 – 2026 година**

**1. ВОВЕД**

Две годишниот план за решавање на проблемот со бездомните животни – третман на бездомните кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот, се базира на одредбите содржани во членовите 26, 27, 28, 29 и член 30 од Законот за заштита и благосостојба на животните ( ,,Службен весник на РМ„ бр. 149/14; 149/15; 53/16 ), во согласност со актуелната Годишна наредба за здравствена заштита на животните и обврските на општините кои произлегуваат од истиот закон.

Со овој План се утврдува стратегијата, активностите за третирање на бездомните животни, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот, условите, организацијата и обемот на извршувањето, како и начинот на финансирањето, за планиран период од 2 години односно од 2025 – 2026 година, за кој период сметаме дека ќе успееме во обврската да ја ставиме под контрола популацијата на кучињата на територијата на нашата Општина.

За решавање на проблемот поврзан со зголемено присуство на бездомните животнии, односно за контрола на нивниот број, од страна на Светската здравствена организација, како единствено ефикасен и одржлив е препорачан хуманиот начин на третирање на овие животни, т.е. нивната масовна стерилизација, вакцинација и повторно враќање на територијата од која се заловени, што ќе се уредува со носење на Годишни програми и дополнувања во Одлуката за комунален ред на Општина Крушево.

Поточно, со Планот и годишните програми се предвидува заловување и масовна стерилизација/кастрација и вакцинација на бездомните животни, т.е. сите животни дефинирани како слободни на одредена територија. По стерилизацијата/кастрацијата и вакцинација на животните истите се враќаат на

територијата од којашто биле заловени и каде што продолжуваат да живеат. Поради порастот на популацијата, за најбрз загарантиран ефект препорачливо е 70% од кучињата во одредено географско подрачје да се стерилизираат/кастрираат во рок од 6 месеци.

Со 75% стерелизирани/кастрирани единки, процентот на напредок на популацијата станува 0%, по што бројот на кучиња природно почнува да опаѓа. По стерилизација/кастрација сите животни ќе се вакцинираат, ќе се обележат ( ушна маркичка или чип ), ќе се фотографираат и регистрираат.

## 2. ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ

Општина Крушево како основен носител на Планот и Годишните програми и релевантен субјект во решавање на проблемот со бездомните животни на својата територија, ќе се раководи од следните принципи:

**2.1. Принцип на континуитет** – Повеќегодишиот План ќе се остварува со донесување и реализација на годишните програми, со градење на стратегија и ќе се надоврзува на останати проекти кои се претходно направени, усвоени и преименувани во оваа област ( или алтернативно кои ќе бидат направени ).

**2.2. Универзален принцип** – со Планот се предвидува повеќегодишно сеопфатно третирање и надминување/решавање на проблемите во врска со чувањето на животни од неодговорен однос кон животните, нивно неадекватно чување и неконтролирано размножување, како и напуштање и занемарување, проблеми кои се во најголема мерка главен причинител за зголемување бројот на напуштени животни. Од тие причини клучно е да се превземат мерки кои ќе резултираат со зголемување на одговорноста на сопствениците на животни.

Комуналната инспекциска служба ќе врши контрола на терен за спроведување на обврските на граѓаните, согласно дополнувањето на Одлуката за комунален ред. Од овие причини неопходно е да се изврши и дополнување на Одлуката за комунален ред на подрачјето на Општина Крушево, со кое ќе се уреди:

-Обврската за идентификација и регистрација на домашни миленици,

-Нивна заштита од суровост и занемарување, начин на сместување и чување под соодветни услови за секој вид на куче во сопствената дворна површина,

-Ќе се забрани непречено размножување на сопствените кучиња, освен во услови на регистрирана одгледувачница и

-Да се предвидат санкции за напуштање на миленик.

Општина Крушево во соработка со локалните образовни и социјални институции ќе ги запознава најмладите категории на граѓани со етички и законски обврски на сопствениците на миленици, преку едукативни предавања.

**2.3. Принцип на одржливост** – Планот воспоставува систем за контрола и со самото тоа намалување на популацијата на бездомни кучиња од населението во општината, со што трајно ќе се реши овој проблем, односно ќе има постојана контрола на него.

Образованието е едно од долгорочните позитивни решенија за контрола на бездомните животни, па затоа од фундаментално значење е промовирањето на едукативни кампањи насочени кон промовирање на непречена и конструктивна коегзистенција меѓу луѓето и животните и одговорен однос кон животните. За да се постигнат споменатите резултати, потребно е во овие кампањи покрај сопствениците на животни, да се вклучат сите категории на граѓани ( возрасни, млади и деца ), со вклучување на сите релевантни чинители ( на пример училиштата и медиумите ), како и луѓето кои работат со животни. Главни аспекти се однесуваат на следново:

•Да се воведе концептот на одговорно сопственииштво, важноста од стерилизција, вакцинација, идентификација и регистрација;

•Да се поттикнат сопствениците да се стерилизираат, вакцинираат, да ги идентификуваат и да ги регистрираат своите миленици;

•Да се поттикнат и промовираат најдобрите практики од соседните земји;

•Да се промовира одговорна грижа за „маалските“ бездомни кучиња;

•Да се едуцираат граѓаните и да се промовира почитувањето на биолошките, психолошки и етолошки потреби на милениците;

•Да се поттикни волонтерството во прифалиштата за кучиња и одговорното вдомување;

•Да се обесхрабри купувањето на домашни миленици;

•Да се поттикнат луѓето да пријавуваат малтретирање, злоупотреба и убиство на животни до соодветните органи;

•Да се обучат луѓето кои работат со животни (како во прифалиштата, така и на улиците).

**2.4.Принцип на соработка** – Планот се реализира преку заеднички напори и соработка на релевантните државни и локални власти, ветеринарни организации, комуналните претпријатија и пред се здруженијата за заштита на животни.

## 3. ОСНОВНИ ЦЕЛИ НА ПЛАНОТ

Главна цел на Планот е **контрола над популацијата на бездомните кучиња** во Општина Крушево, ефикасно, одговорно, хумано, трајно надминување на проблемот со што ќе се гарантира здравствена заштита и јавната безбедност на населението и спречи создавање/прилив на нови кучиња на улица преку:

1) Спроведување на стратегијата „залови – стерилизирај – вакцинирај – врати “ на бездомните кучиња и сите кучиња кои се затекнати слободни на улица и

2) Комплементарност со друг вид мерки предвидени во рамки на Одлука за комунален ред и/или друг вид правни акти во надлежност на општината, со кои ќе се поттикне и дефинира одговорното чување на домашни миленици (забрана за неконтролирано размножување на милениците освен во услови дефинирани со Законот за заштита и благосостојба на животните и забрана за нивно напуштање ).

Со спроведувањето на две годишниот план се воспоставува т.е. гарантира минимална и контролирана бројка на напуштени кучиња на јавните места кои ја штитат локацијата од прилив на нови единки (непознати на населението, репродуктивно способни), со што ќе се избегнат непријатностите и потешките последици за граѓаните и самите животни.

Контролата на популацијата на бездомните кучиња првенствено се постигнува со стерилизацијата/кастрацијата, вакцинација, обележување и повторно враќање на животните на територијата од која што биле заловени, и е метода од суштинска важност за контрола на прекумерната бројност. Со тоа се превенираат несакани раѓања, нема непотребни трошоци за долготрајно стационирање на животните во прифатилиштата, се избегнува нехумано усмртување кое проблемот само го продлабочува. Стерилизираните – кастрираните кучиња повеќе не се размножуваат, се разбива појавата на глутници кои се резултат на женки во циклус, се урамнотежува хорманален статус на животните, случаите на каснувања опаѓаат за 95%. Кучињата се вакцинирани, прочистени од внатрешни и надворешни паразити и здрави. Се воспоставува контрола на теренот при што се исклучува можноста за појава на беснило. Обележаните кучиња се познати на населението и имаат поголеми шанси да се вдомат.

Вратени на локацијата од која се заловени ја чуваат локацијата од миграција на други единки со што се превенираат болести и заразни. Трошоците се еднократни и разумни, нема непотребни трошоци за долготрајно стационирање на животните во прифатилиштата.

Со позитивни законски акти кои ќе го опфатат одговорното сопственишство и примена на системска стерилзација/кастрација, проблемот се решава ефикасно, хумано и трајно.

„Залови – стерилизирај – вакцинирај – врати“ е востановена како единствена ефикасна стратегија и од страна на Светската Здравствена Организација.

Напорен сегмент битен за постигнување на правилна контрола на популацијата на бездомни животни е едукација на населението и промовирање мерки за стерилизација на кучиња од страна на нивните сопственици во согласност со важечките законски прописи и мерки против напуштање животни (трајно обележување чипови и регистрација на сопствениците на кучињата, едукација на сопствениците, казнување за неодговорните сопственици).

## 4. ПРЕДМЕТ НА ПЛАНОТ

Предмет на Планот е определување на мерки и активности што треба да се превземат во период од 2025 и 2026 година за ефикасна контрола и заштита на популацијата на бездомни кучиња.

Активностите на планот ќе се извршуваат во согласност со одредбите од Актуелната Годишна наредба за здравствена заштита на животните кои се однесуваат на бездомните кучиња-скитници со посебен акцент на одредбите кои се однесуваат на болестите беснило и лајшманиоза.

Активностите за хумано третирање на бездомните кучиња-скитници на територијата на Општина Крушево подразбираат:

-Заловување на кучињата;

-Транспорт до прифатилиште;

-Прием и преглед од доктор по ветеринарна медицина;

-Лабараториско испитување на заразни болести согласно прописите од областа на ветеринарното законодавство, вклучувајќи испитување од болеста лајшманиоза;

-Ветеринарно медицински третман на кучињата, овариохистеректомија и орхиектомија;

-Постоперативно сместување и нега;

-Вакцинација и дехелментација;

- Спроведување на тест за социјализација;

-Идентификација и водење евиденција;

-Враќање на заловените кучиња на реонот на нивно заловување или вдомување на кучињата;

-Еутаназија на кучињата согласно прописите од областа на ветеринарното здравство;

-Едукација и подигнување на јавната свест кај населението.

### 4.1. Заловување и транспорт

Процесот на заловување на бездомните кучиња претставува првата активност која е директно изложена на судот на јавноста. Квалитетот на заловувањето, однесувањето на персоналот кон јавноста и особено кон заловените животни може да даде позитивна слика за целата активност, но од друга страна, некоректно сработено, може да ги траумира животните, изложи на физичка и психолошка болка, а последователно и да предизвика многу несакани реакции од лицата во непосредна околина кои се грижат за кучињата и случајните минувачи.

Заради тоа, изборот на персоналот треба да биде соодветен на самата процедура, лицата треба да бидат обучувани и сертифицирани за користење на методите за хумано заловување, но пред се да не чувствуваат анимозитет и прерасуди кон бездомните кучиња, како и да се способни да контактираат со луѓето на начин кој нема да ја компромитира акцијата.

Работниците ангажирани за заловување на бездомните животни треба да се опремени со соодветна униформа и средства за лична заштита, како и опрема: соодветно возило и приколка, јамки и мрежи за заловување, пушка ( сафари ) за привремено успивање со средство за времена парализа – успивање, корпи – кафези за транспорт, околувратници и водилки. На лице место се врши теренска идентификација на посебни обрасци за евиденција и идентификација – секое заловено куче веднаш се евидентира, се заведуваат податоци за животното како раса, пол, старост, особени знаци, место на заловување и др.

Транспорт од местото на заловување до прифатилиште, се врши со специјално возило опремено со соодвена опрема за сместување на животните.

### 4.2. Престој во прифатилиште, ветеринарно медицински третман и понатамошно постапување со третираните кучиња

Заловените кучиња се транспортираат до прифатилиште, кое е регистрирано и има одобрување од Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија.

Прифалиштето треба да обезбедува елементарни услови за спроведување на соодветни мерки и персонал за ефикасна заштита на животните, редовно хранење и напојување и доколку е потребно лекување на животните.

Кучињата се сместуваат во просториите за прием во кои се врши набљудување на кучињата од страна на докторот по ветеринарна медицина кој врши преглед на заловени кучиња и ги спроведува сите мерки согласно закон и тој одредува кои од нив ги исполнуваат критериумите за еутаназија.

Медицински третман на здрави кучиња ќе се врши на следниот начин:

Сите клинички здрави животни се транспортираат до Ветеринарно друштво кое е одобрено од Агенција за храна и ветеринарство за ветеринарно медицински третман на бездомните кучиња од прифатиштето за што треба да се поседува валиден склучен договор, односно во посебен дел за оперативно и болничко лекување во прифатилиштето доколку го поседува. Сите животни кои по мислење на ветеринарен доктор ги исполнуваат критериумите за операција се оперираат-стерилизираат. По завршената операција и пост оперативно опоравување животните се враќаат назад во прифатилиштето, односно во делот за престој во прифатилиштето каде се врши нивно редовно хранење и постојан надзор од страна на обучени лица.

Прифатилиштето се одржува согласно санитарно-хигиенските прописи: боксовите во прифатилиштето редовно се чистат, се врши

дезинфекција и дезинсекција, а по потреба и соодветна дератизација на целиот простор. Изведувачот на програмата е должен да склучи договор со овластен оператор за нештетно отстранување на лешеви и нус производи од животинско потекло, во специјално изградена гробна јама на соодветна комунална депонија, а исто така ќе ги собира и транспортира фекалиите/отпадот од прифатилиштата.

Непосредно при напуштање на прифатилиштето кучињата се вакцинираат против болеста беснило и се третираат со средство против ендопаразити и ектопаразити. Третираните кучиња и обележани со микрочип се враќаат во реонот на заловување или се вдомуваат, а вдомените се регистрираат во ветеринарно информативен систем. Приоритет ќе се дава на вдомување на животните.

Кучињата скитници кај кои лабораториски (од акредитирана лабораторија) ќе биде потврдена болеста лајшманиоза ќе се третираат согласно важечката Годишна наредба за здравствена заштита на животните.

Тест за социјализација се спроведува кај третираните кучиња согласно законските прописи. Тестот за социјализација се врши согласно важечкиот Правилник за начинот на спроведување на тест за социјализација на куче и истиот се спроведува од страна на лица овластени од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство. После спроведениот тест за социјализација, кучињата кои ќе бидат прогласени за опасни не се враќаат на местата каде се заловени и понатамошно се третираат согласно важечкиот правилник односно се остава можност истите да бидат вдомени во рок од 30 дена. Доколку не бидат вдомени, истите се еутанизираат во постапка согласно важечки правилник.

Еутаназија се врши:

-Во согласност со важечките законските прописи и наредби,

-Кога животното е заболено од зараза или паразитска болест која може да се пренесе на други животни или луѓето, животното е заболено од други болести кај кои лечењето е долго или со несигурна прогноза, тешко повредени животни, животни кои видливо страдаат или стари изнемоштени животни,

-Кога кучињата претставуваат опасност кон луѓето или другите животни и

-Кога кучињата поминале минимум временски период потребен за исцрпување на можноста за вдомување.

Спроведување на тест за социјализација од страна на лица кои се овластени од Агенцијата за храна и ветеринарство.

### 4.3 Едукација и подигнување на јавната свест кај населението

Подигнувањето на јавната свест е клучна за справување и хуман третман на кучињата скитници. Промовирање на разни форми на комуникација со граѓаните, спроведување едукативни и промотивни активности за подигнување на јавната свест за постапување со бездомни кучиња, организирање акции и настани за вдомување на кучиња, се важен дел кој на подолг рок ќе го ограничи бројот на кучиња на улица и ќе овозможи одржливост на планските активности.

## 5. ОБЕМ НА АКТИВНОСТИ

Планот предвидува, согласно со финансиските можности на општината, интензитетот на заловување и третирање на бездомните кучиња на територија на општина Крушево, да изнесува околу 50 кучиња на годишно ниво, а капацитетот на сместување во прифатилиште да ги исполнува условите за сместување до 10 бездомни кучиња/месечно.

Планираните активности ќе се извршуваат првенствено на подрачјето на градот Крушево. Приоритет ќе биде централното градско подрачје и реоните каде се наоѓаат културно историските знаменитости. Активностите ќе се спроведуваат и во населени места во кои ќе се забележат поголем број на кучиња.

Согласно Планот, сите подетални активности ќе се предвидат во Годишни програми за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територија на Општина Крушево.

## 6. БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите кои се предвидени во Планот, а ќе бидат подетално опишани во Годишните програми, ќе се финансираат од Буџетот на Општина Крушево за планираниот период 2025-2026. Општина Крушево ќе врши трансфер на средства на изведувачот на програмите, избран на јавен повик.

Планираните финансиски средства на годишно ниво за периодот опфатен во Планот 2025-2026 година се прикажани во табелата подолу.

| Реден број | Година | Финансирање | Сума/Денари |
|---|---|---|---|
| | | | |
| 1. | 2025 | Општина Крушево | 300.000,00 |
| 2. | 2026 | Општина Крушево | 300.000,00 |

**7. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Планот за контрола за популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Крушево, за период 2025-2026, ќе се применува по одобрување на истиот од Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија и донесување од страна на Советот на општината.

Надзор над реализацијата на Планот ќе врши Одделението за инспекциски надзор во Општина Крушево.

**Бр.08-1149/14 од 23.12.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 28 став 3 од Законот за заштита и благосостојба на животните ("Сл.весник на РМ" бр.149/14; 149/15 и 53/16), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ" бр.202/2024), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 23.12.2024 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Крушево за период 2025 и 2026 година**

**1. ВОВЕД**

Со оваа Програма се утврдуваат активностите за третирање на бездомните кучиња-скитници, условите, организацијата и обемот на извршувањето, како и начинот на финансирањето.

Програмата за контрола на популацијата на бездомни кучиња за 2025 и 2026 година е изработена согласно член 28 од Законот за заштита и благосостојба на животните (Сл.весник на РМ број 149/14, 149/15 и 53/16), во согласност со актуелната Годишна наредба за здравствена заштита на животните, препораките од страна на Светската здравствена организација за заштита на животните како и во согласност на Планот за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Крушево за периодот 2025-2026 година, според кои хуманиот начин на третирање и единствен начин на решавањето на проблемот со бездомните кучиња.

Хуманиот третман подразбира згрижување и заштита на животните, но и заштита на безбедноста и здравјето на граѓаните во Општината.

**2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА**

Општата цел на програмата е определување на општи мерки и активности што треба да се преземат на територијата на Општината за ефикасна контрола и заштита на популацијата на бездомни кучиња, како и третман согласно прописите од областа на ветеринарното здравство и благосостојбата на животните.

**3. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА**

Предмет на програмата е определување на мерки и активности што треба да се превземат во 2025 и 2026 година за ефикасна контрола и заштита на популацијата на бездомни кучиња.

Активностите за хумано третирање на бездомни кучиња-скитници на територијата на Општина Крушево ќе опфатат:

-заловување на кучињата;
-транспорт до прифатилиште;
-прием и преглед од доктор по ветеринарна медицина;
-лабораториско испитување на заразни болести, согласно прописите од областа на ветеринарното законодавство, вклучувајќи испитување од болеста лајшманиоза;
-ветеринарно медицински третман на кучињата, овариохистеректомија и орхиектомија;
-постоперативно сместување и нега;
-вакцинација и дехелментација;
-обележување со микро-чип;
-враќање на заловените кучиња на реонот на нивно заловување или вдомување на кучињата;
- спроведување на тест за социјализација;
-еутаназија на кучињата, согласно прописите од областа на ветеринарното здравство;
-едукација и подигнување на јавната свест кај населението.

## 4.ОПИС НА АКТИВНОСТИ

### 4.1 Заловување на кучињата

Согласно законските прописи општината е надлежна да врши собирање на бездомните кучиња, односно нерегистрирани кучиња и регистрирани кучиња доколку ги затекнат на јавни површини без присуство на сопственикот и привремено да ги сместат во соодветни објекти-прифатилишта. Во овие објекти треба да се обезбеди елементарна заштита на животните од непогодни временски услови и да се обезбеди нивно ефикасно затворање.

Постапките за заловување на кучињата како и контролата на популацијата ќе се извршува од страна на прифатилиште кое има одобрение од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство и кое има склучено договор за извршување на услугите со Општина Крушево во согласност со законот за јавни набавки.

Заловувањето на бездомните кучиња се врши од страна на квалификувани лица на начин кој нема да предизвика непотребна болка или страдање.

### 4.2 Престој во прифатилиште, ветеринарно – медицински третман и понатамошно постапување со третираните кучиња

Заловените кучиња се транспортираат до прифатилиште, кое е регистрирано и има одобрување од Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија, согласно законските прописи.

Кучињата се сместуваат во просториите за прием во кои се врши набљудување на кучињата од страна на докторот по ветеринарна медицина кој врши преглед на заловените кучиња и ги спроведува сите мерки согласно закон и тој одредува кои од нив ги исполнуваат критериумите за еутаназија.

Еутаназијата се врши:

-во согласност со важечките законски прописи и наредби;

-кога животното е заболено од заразна или паразитска болест која може да се пренесе на други животни или луѓето, животното е заболено од други болести кај кои лечењето е долго и со несигурна прогноза, тешко повредени животни и животни кои видливо страдаат или се стари и изнемоштени.

-кога кучињата претставуваат опасност кон луѓето и другите животни;

-кога кучињата поминале минимум временски период потребен за исцрпување на можноста за вдомување.

Медицински третман на здрави кучиња се врши на следниот начин:

Сите клинички здрави животни се транспортираат до ветеринарно друштво кое е одобрено од Агенцијата за храна и ветеринарство за ветеринарно-медицински третман на бездомните кучиња од прифатилиштето за што треба да се поседува валиден склучен Договор, односно во посебен дел за оперативно и болничко лекување во прифатилиштето доколку го поседува.

Сите животни кои по мислење на ветеринарен доктор ги исполнуваат критериумите за операција се оперираат-стерилизираат. По завршената операција и постоперативно оправување животните се враќаат назад во прифатилиштето, односно во делот за престој каде се врши нивно редовно хранење и постојан надзор од страна на обучени лица.

Прифатилиштето се одржува согласно санитарно-хигиенските прописи: боксовите редовно се чистат, се врши нивна дезинфекција и дезинсекција, а по потреба и соодветна дератизација на целиот простор.

Изведувачот на програмата е должен да склучи договор со овластен оператор за нештетно отстранување на лешеви и нус производи од животинско потекло, во специјално изградена јама на соодветна депонија, а исто така се собираат и транспортираат фекалиите и отпадот од прифатилиштето.

Непосредно при напуштање на прифатилиштето кучињата се вакцинираат против болеста беснило и се третираат со средство против ендопаразити и ектопаразити. Третираните кучиња обележани со микро чип се враќаат во реонот на заловување или се вдомуваат, а вдомените кучиња се регистрираат во ветеринарно информативен систем. Приоритет ќе се дава на вдомување на животните.

Кучињата скитници кај кои лабораториски (од акредитирана лабораторија) ќе биде потврдена болеста Лајшманиоза ќе се третираат согласно важечка годишна наредба за здравствена заштита на животните – 6. ДРУГИ ЗАРАЗНИ И ПАРАЗИТСКИ БОЛЕСТИ КАЈ ЖИВОТНИТЕ, 6.3 Лајшманиоза (Сл.весник на РСМ број 102/2022).

**-Спроведување на тест за социјализација**

Тестот за социјализација се врши согласно важечкиот правилник за начинот на спроведување

на тест за социјализација на куче. После спроведениот тест за социјализација, кучињата кои ќе бидат прогласени за опасни не се враќаат на местата каде се заловени и понатамошно се третираат согласно важечки правилник односно се остава можност истите да бидат вдомени во рок од 30 дена. Доколку не бидат вдомени, истите се еутаназираат во постапка согласно важечки Правилник.

**4.3 Едукација и подигнување на јавната свест кај населението**

Подигнувањето на јавната свест е клучна за справување и хуман третман на кучињата скитници. Изведувачот на Програмата е должен да обезбеди комуникација со граѓаните преку различни форми, да спроведува едукативни и промотивни активности за подигнување на јавната свест за постапување со бездомни кучиња, да организира акции и настани за вдомување на кучињата.

## 4. ОБЕМ НА АКТИВНОСТ

Согласно расположивите финансиски средства во Буџетот на Општина Крушево за 2025-2026 година, се предвидува да се третираат околу 100 кучиња на територијата на општината.

Според проценки од увидот на терен и редовните контакти со активисти од здруженија за заштита на бездомните кучиња, бројот на кучиња скитници е значително поголем и ги надминува финансиските можности на општината според Буџетот за 2025-2026 година. Според Планот за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Крушево проценето е дека егзистираат околу 150-200 бездомни кучиња кои треба да се третираат во период од две години.

Се предвидува интензитетот на заловување и капацитетот на сместување во прифатилиште да ги исполнува условите за сместување на 10 бездомни кучиња/месечно.

Истите ќе бидат заловени во:

- Крушево – централно градско подрачје и околината каде се наоѓаат културно-историските споменици
- Населените места во Општина Крушево по претходна пријава од граѓани

## 5. БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите утврдени во табелата подолу ќе се финансираат од Буџетот на Општина Крушево за 2025-2026 година. Општина Крушево ќе изврши трансфер на средства на изведувачот на Програмата, врз основа на доставени фактури за извршените активности потврдени од службеното лице со задолжение од Градоначалникот на општината.

## 6. ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОГРАМАТА

Програмата ќе ја реализира правно лице кое општината ќе го избере на јавен повик и кој ги исполнува условите за изведување на активностите наведени во програмата согласно Закон, односно сите активности треба да ги изведе регистрирано прифатилиште кое е одобрено од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство.

Изведувачот на програмата со кој ќе се склучи договор, активностите ќе ги координира со службите на Општина Крушево.

Доколку на јавниот повик не се јави изведувач на програмата, Општина Крушево е должна договорно да ангажира 2 (двајца) лиценцирани заловувачи, како и фирма која ќе изврши транспорт на заловените кучиња до институција во која треба да се изврши третирање на заловените кучиња-скитници.

## 7. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата за контрола на популација на бездомни кучиња на територијата на Општина Крушево за 2025-2026 година, ќе се применува по одобрување на истата од Агенцијата за храна и ветеринарство на РСМ, и донесување од страна на Советот на Општината.

Надзор над извршувањето на Програмата врши Одделението за инспекциски надзор во Општина Крушево.

За спроведените активности на терен, изведувачот е должен да изготвува квартални извештаи кои ќе бидат доставени до Градоначалникот и годишен извештај кој ќе биде доставен за усвојување од Советот на Општината.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Крушево“.

**Бр.08-1149/15 од 23.12.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

## С О Д Р Ж И Н А

**Ре.бр. стр.**

1.Заклучок за објавување на актите донесени на 55-та седница на Советот на Општина Крушево …. 1

2. Заклучок за усвојување на записникот од 54-та седница на Советот на Општина Крушево ....... 1
3.Буџетски календар за 2025 година на Општина Крушево …....................................................... 2
4. Буџет на единицата на локална самоуправа Крушево за 2025 година .................................... 2
5. Одлука за извршување на буџетот на Општина Крушево за 2025 година .................................... 2
6. Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2025 година .............................. 6
7. Одлука за утврдување на благајнички максимум за 2025 година ................................................. 6
8. Одлука за користење на мобилни телефони ... 7
9. Одлука за давање на времено користење на недвижна ствар ................................................. 7
10. Решение за разрешување и именување на член на Училишен одбор на ООУ „Никола Карев“ Крушево ........................................................... 8
11. Решение за именување на член на Управен одбор во ЈОУДГ „Гонча Туфа“ Крушево .......... 8
12. Позитивно Мислење на одлуката за измена и дополнување на статутот на ООУ „Никола Карев“ Крушево .......................................................... 9
13. План за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Крушево за период 2025-2026 година ................................ 9
14. Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Крушево за период 2025 и 2026 година ............. 14
15. Програма за одржување на јавната чистота во Општина Крушево за 2025 година ................... 15

Редакциски одбор на Општина Крушево-самостоен референт Кире Николоски.